Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
М А Ш И Н С К И  Ф А К У Л Т Е Т – Скопје

## УПИС

На МФС во прва година во учебната 2007/2008 година во првиот, вториот и третиот уписен рок вкупно се запишаа 449 студенти.

Од нив на академски студии се запишани 307 студенти, а на професионални студии 142 студенти.

## НОВ СТУДЕНТСКИ СЕРВИС

Деновиве стартуваше примената на новата апликација за online пријавување на семестар. Апликацијата овозможува секој студент да има увид во положените предмети и да се пријави за следење на настава во идниот семестар по предметите за кои стекнале услови.

Се надеваме дека со оваа апликација ќе се забрза постапката при запишување семестар.

Исто така, во текот на Јуни стартуваше апликација со која студентите online се анкетираат за прашања врзани со наставата.

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА СТИПЕНДИИ

Јапонската влада нуди можности за користење на 20 истражувачки стипендии на УНЕСКО за постдипломски студии во 2008 година, во областите: животна средина, информатички и комуникациски технологии и други. Рок за аплицирање е најдоцна до 20 декември 2007. Дополнителни информации на огласна табла во Деканатот на МФ.

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА НОВИ БИЗНИСИ ПРИ УКИМ

Во организација на Центарот за развој на нови бизниси при УКИМ, на Машинскиот факултет на 13.09.2007 се одржа трибина на тема "Само-вработување vs. работа за друг", во рамките на проектот финансиран од страна на Британската амбасада "Зајакнување на претприемништвото и конкурентноста" каде поздравен збор имаше Амбасадорот на Велика Британија Г-дин Andrew Key.

## НАГРАДА

Проектот PneumaTech изработен од тим составен од членови од Техничкиот универзитетот од Атина и Машинскиот факултет од Скопје - Проф. д-р И. Мицковски и асс. м-р Х. Мицковски, освои второ место на Интернационалната изложба со учесници од целиот свет за иновативни производи „Innovation 2007”, во организација на Техничкиот универзитет од Милано, Италија, оддржана во периодот од 10 - 20 Јули 2007.

## ИНФОРМАЦИЈА ОД БИБЛИОТЕКА

Во текот на летните месеци, библиотеката беше збогатена со неколку нови наслови:

1. Intelligent Manufacturing Systems, Franci Cus & Valentina Gecevska (Faculty of Mechanical Engineering, Maribor - Skopje, 2007)
2. Речник на стручни изрази на македонски, словенечки и англиски јазик, Мимоза Гичевска (Нампрес, 2007)
3. Модел за определување на оптимална форма на лопатки на работно коло кај хидраулични турбини, Зоран П. Марков (МФС, 2007)

## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

На 7.09.2007, на Машинскиот факултет М-р Зоран Марков ја одбрани докторската дисертација со наслов "Модел за определување на оптимална форма на лопатките на работното коло кај хидрауличните турбини".

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## О Т С У С Т В А

Во текот на летните месеци 2007 година службени патувања во странство заради студиски или стручен престој остварија следниве наставници и соработници:

1. Проф. д-р Славе Арменски во текот на месец јули релизира службено патување во Р. Грција.
2. Проф. д-р Милан Ќосевски во месец јули и септември реализира службени патувања во Хрватска, Словачка и Германија.
3. Асс. м-р Даме Димитровски, во месец јули 2007 година реализира службено патување во Германија.
4. Вон. проф. д-р Атанас Кочов, во месец септември реализира службено патување во Словенија.
5. Доц. д-р Ристо Филкоски, во месец септември релизира службено патување во Австрија.
6. Доц. д-р Виктор Гаврилоски и доц. д-р Ѓорѓи Аџиев, во месец септември реализираа службено патување во Германија.
7. Доц. д-р Никола Тунески, во месец август реализира службено патување во Турција.
8. Доц. д-р Игор Ѓурков и асс. д-р Зоран Марков, во месец септември реализираа службено патување во Хрватска.
9. Проф. д-р Миколај Кузиновски и доц. д-р Виктор Стојмановски во месец септември реализираа службено патување во Полска.
10. Проф. д-р Јован Гочев и вон. проф. д-р Валентино Стојковски реализираа службено патување во Германија.
11. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска во јули и септември реализира службени патувања во Словенија, Италија и Грција.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**27.09.2007**
**32 СЕДНИЦА НА ННС**

**01.10.2006**
**Амфитеатар на МФС**
**10:00 час**
**СВЕЧЕН ПРВ ЧАС СО НОВИТЕ СТУДЕНТИ**

**11.10.2007**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД ДЕНОТ НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ**

**12.10.2007**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПО ПОВОД ВЕРСКИОТ ПРАЗНИК РАМАЗАН БАЈРАМ**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ*
*Борис Рошков*

**Година 2007, септември, број 63**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

МФС

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ... АКТИВНОСТИ ...

Периодот на годишни одмори заврши. Испитната сесија е при крај, запишување на студентите во зимскиот семестар, почетокот на новата учебна година, реализирање на разни проекти и апликации. Да пружиме се од себе за успешно реализирање на сите планови и работни задачи.

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

Во понеделник, први октомври 2007, со почеток во 10 часот во Амфитеатарот на МФС со првиот свечен час ќе започне новата учебна година.

Сите заедно да ги дочекаме и поздравиме нашите идни колеги.